# СТРАТЕШКИ ПЛАН



## Фонд за здравствено осигурување на Македонија

# 2010-2015

ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

www.fzo.org.mk

# МИСИЈА

ФЗО обезбедува права и здравствени услуги од основниот пакет на услуги на осигурениците врз начелата на сеопфатност, солидарност и еднаквост.

# ВИЗИЈА

ФЗО да стане препознатлив како купувач на здравствени услуги кој обезбедува ефикасна администрација на правата на осигурениците и здравствени услуги за кои склучува договори со здравствените установи.

# Основни цели и подцели на ФЗО:

**А. Обезбедување на остварување на права од здравственото осигурување:**

А.1 Ефикасна администрација на остварување на правата
А.2 Добар систем на внатрешна контрола
А.3 Идентификување и управување со ризици
А.4 Ефикасни тела за остварување на правата
А.5 Едукација на осигуреници

**Б. Купувач на здравствени услуги за потребите на осигурениците:**

Б.1 Обезбедување на сите здравствени услуги од основниот пакет во согласност со расположливите средства
Б.2 Ревизија на листата на здравствени услуги и цени
Б.3 Склучување на договори со здравствените установи
Б.4 Контрола на здравствените установи за извршените услуги
Б.5Стимулација на рационалната употреба на лекови и квалитетно лекување со определените ресурси
Б.6 Систем за дефицитарни здравствени услуги (во и вон РМ)

**В. Поврзаност и интегрираност на здравствениот систем за потребите на Фондот**

В.1 Осовременување и централизација на ИТ системот во Фондот
В.2 Електронска картичка за осигурениците
В.3Електронско поврзување со здравствените установи за извршените здравствени услуги
В.4 Обезбедување на систем на заштита и контрола на процесите и податоците
В.5 Воведување на електронско остварување на правата на осигурениците

**Г. Соработка со национални и меѓународни организации, здруженија и институции**

Г.1 Спроведување на меѓународните договори од областа на здравството
Г.2 Континуирана соработка со меѓународните организации
Г.3 Редовна комуникација и размена на искуства со националните фондови во другите држави
Г.4 Учество во утврдувањето и реализација на националните програми за здравствена заштита
Г.5 Соработка со надлежни институции во државата (за зголемување на квалитетот на здравствените услуги и електронска размена на податоци)

**Д. Финансиска стабилност и ефикасност на Фондот**

Д.1 Финансирање на правата и здравствените услуги кои ги обезбедува Фондот во согласност со буџетот
Д.2 Обезбедување на редовни приходи од осигурениците по основ на осигурување, наплата на партиципација и трансфери
Д.3 Одржување на балансиран буџет односно усогласување на расходите со нивото на приходите
Д.4 Ефикасна администрација и добри интерни процеси во ФЗО

**Ѓ. Перцепција кон ФЗОМ**

Ѓ.1 Континуирани јавни објави кои се однесуваат на осигуреници.
Ѓ.2 Пренесување(proxy) на Јавниот интерес преку локални и стручни целни групи

# СЕКТОР ФИНАНСИИ

**Активности:**

**А.1 и А.3**

- Анализа на структура на издадени ортопедски помагала по подрачните служби и по осигурениците со цел обезбедување навремена информација за сектор контрола за нивните идни контроли како и за евентуални измени во правните акти кои ја регулираат оваа материја
- Анализа на материјалните трошоци по подрачните служби со цел да се утврди кои подрачни служби работат најефикасно и најекономично од аспект на бројот на осигурениците и бројот на здравствените установи кои ги опслужуваат

- Воведување на финансиски анализи на различни расходи по здравствени услуги/институции, односно приходи согласно кои менаџментот на ФЗО ќе може да иницира промени во регулативата или воведување соодветни контролни механизми

Б.1

- Анализа на услугите и дефинирање на цената на основниот пакет
- Дефинирање на здравствените услуги на ниво на болничка, специјалистичко консултативна и примарна здравствена заштита
- Усвојување на годишна програма по нивоа на здравствена заштита и видови на здравствени услуги
- Определување на средства за склучување на договори со здравствените установи на различни нивоа на здравствена заштита во согласност со програмата

Б.2

- Формирање на листа на здравствени услуги во согласност со основниот пакет
- Континуирано ревидирање на листата на здравствените услуги во тек со најновите технолошки промени и новини во лекувањето

- Определување и ревизија на цени на здравствени услуги по усвоената методологија за утврдување на цени
- Дефинирање на нивото на партиципација на осигурениците за секоја здравствена услуга

Б.3

- Преговарање за вид и обем на услуги со здравствените установи во согласност со средствата предвидени во програмата
- Определување на средства за склучување на договори со здравствените установи
- Следење на исполнување на плановите на здравствените услуги и ревизија на обезбедените средства

Б.4

- Финансиска контрола на здравствените установи со цел обезбедување наменско и економично користење на средствата за здравствени услуги
- Воведување и операционализација на трезорскиот систем за јавните здравствени установи
- Контрола на фактурите на здравствените установи

Д.1

- Редовни истражувања и анализи за развој на нивото на финансирање на различни видови на здравствени услуги во Македонија

- Изготвување на редовни извештаи од анализите на финансиска стабилност
- Компарација на резултатите од анализите со податоците од другите држави

Д.2

- Анализа на сите категории на осигуреници, основ за наплата на придонес и стапка на придонес
- Објавување на листата на осигуреници и нивниот број на месечно ниво на веб страницата на Фондот
- Проектирање на приходи од придонеси од сите категории на осигуреници
- Обезбедување на трансфер од буџет на Република Македонија за покривање на дефицит на Фондот

Д.3

- Планирање, следење и извршување на буџетот на Фондот
- Анализа на критичните точки во буџетот и предлог мерки за нивното надминување
- Ребаланс на буџетот во согласност со промените во нивото на приходите
- Соработка и координација со сите сектори за износот на буџетските средства неопходен за спроведување на нивните активности

Д.4

- Воспоставени интерни процедури за надлежностите и нивоа на одговорност во реализација на плаќањата во централата и подрачните единици
- Воведување на единствен деловодник за евиденција на сите здравствени права и услуги за сите подрачни единици

## СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ

**Активности:**

А.1

- Едукација за поефикасни подрачни служби на Фондот, како првостепени органи во управна постапка кои одлучуваат по барањата на осигурениците за правата од задолжителното здравствено осигурување, преку изготвување на: упатства за работа; известувања и информации во врска со измените и дополнувања на прописите од областа на здравственото осигурување; информации и известувања за потребите на осигурените лица; следење и анализирање на второстепените решенија во управна

постапка и пресудите на Управниот, односно Врховниот суд по заведени управни спорови и усогласување на работата на подрачните служби со судската пракса; изготвување на извештаи во врска со водењето на управната постапка

- Подобрување на регулативатата на Фондот во делот за остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување преку: анализирање и следење на одредбите од Законот за здравственото осигурување и доставување на предлози до Министерството за здравство; постапки за усогласување на општите акти на Фондот со одредбите на Законот за здравствено осигурување и други релевантни закони; изготвување на упатства во врска со примената на општите акти; подготовка на пречистени текстови на општите акти на Фондот
- Анализа на воспоставените административни процеси во подрачните единици на Фондот за остварување на правата на осигурениците и подготвување на предлози за намалување на администрацијата, во насока на намалување на потребната документација од осигурениците, а преку електронско поврзување со надлежни институции обезбедување на сите документи/потврди/податоци

Б.3 и Б.4

- Преговарање на теркови на договори по здравствени установи со коморите и склучување на договори со здравствени установи
- Децентрализација при склучување на договори со здравствени установи по подрачни служби на Фондот со цел скратување на администрацијата и времето за нивна реализација
- Известувања и информации во врска со измените и дополнувања на договорите
- Извештаи во врска со изготвување и следење на договори со здравствени установи
- Упатства за работа на подрачните единици поврзани со склучувањето, промените, казните, раскинувањето на договорите
- Следење на движењето на лекарите, фармацевтите и медицинскиот персонал од една во друга работна единица односно здравствени установи
- Контрола на спроведувањето на законските и подзаконските акти за работењето на здравствените установи со цел да се обезбеди ефикасно пружање на здравствените услуги на осигурените лица
- Анализа на податоците добиени од работењето во одделението и детерминирање на слабости на функционирање на контролниот систем во модулот и изготвување на идејни решенија се со цел за подобрување на истиот

**Б.6**

- Дефинирање на систем (правна постапка) за склучување на договори или процедура за обезбедување на дефицитарни здравствени услуги (во и вон РМ)
- Подобрување на постапката околу упатување на осигурениците на лекување во странство

**В 2. 3 и 5**

- Правна подготовка за воведување на електронска достава на фактури од здравствените установи, воведување и користење на електронската здравствена картичка и постепено воведување на електронското остварување на правата на осигурениците
- Воведување на поедноставна администрација за најголемите фирми и/или јавна администрација
- Правно поедноставување за остварување на правата на осигурениците кои живеат и работат според евиденцијата во различни подрачни единици

**Г. 5**

- Склучување на Меморандуми за соработка со надлежни институции во државата за зголемување на квалитетот на здравствените услуги и електронска размена на податоци и меѓусебно помагање околу остварување на законските надлежности
- Превземање на податоците од надлежни институции за регистрација на здравствени установи и медицински персонал, односно Министерство за Здравство и Институт за Јавно Здравје (ИЗИС)
- Превземање на податоците во електронска форма за пријавување и одјавување на лекарите, фармацевтите и медицинскиот персонал од АВРМ и ПИОМ
- Координација со надлежни институции кои вршат интегрирана наплата на придонесите (УЈП) во делот на здравствените установи кои имаат склучено договор со Фондот

**Д.2**

- Следење на состојбите и поднесување на тужби, донесување и застапување на Фондот пред надлежните судови
- Следење на конечни и извршни пресуди и решенија и нивно доставување на извршување
- Следење на решенијата по основ на мирување на придонесот за задолжително здравствено осигурување и доставување на решенија за извршување до 31.12.2012 година
- Анализа на извршувањето на правосилни и извршни пресуди и конечни решенија во управна постапка со упатство во врска со извршувањето на пресуди и решенија
- Следење на стечајните постапки и постапките за ликвидација и пријавување на побарувањата согласно закон

- Активности поврзани околу решавање на имотно правните работи поврзани со просториите на Фондот

Д.4

- Воспоставување на интерни процедури за надлежностите и нивоа на одговорност при изготвување на договорите со здравствените установи и остварувања на правата на осигурениците

## СЕКТОР КОНТРОЛА

А.2

- Зајакнување на контролата на ФЗОМ врз работата на Подрачните служби преку зајакнување на капацитетите на внатрешната контрола
- Подигнување на капацитетот и ефикасноста на овластените лица за контрола како и нивните активности, во насока на ефикасно спроведување на законските и подзаконските акти и подобрување на квалитетот на пружање на услуги на коминтентите (Осигуреници и Провајдери на здравствени услуги - јавни и приватни)
- Изготвување на системско решение за унифицирање на работата во сите подрачни служби на ФЗОМ
- Постојано следење на системот за внатрешна контрола и подобрување на истиот

А.3

- Анализа на податоците добиени од контролите, детерминирање на слабости на системот, евентуалните недостатоци и слабости на постојните акти, процедури и процеси на работа во подрачните служби со изготвување предлози за прилагодување, подобрување и зголемување на ефикасноста на истите

Б.2

- Следење и ревидирање на постоечките здравствени услуги, воведување на нови специјалистички пакети, нови ДСГ групи и нивните референтни цени
- Постојан развој и промоција на ДСГ моделот и специјалистичките пакети
- Ревидирање на постоечките и воведување на нови превентивни мерки и активности за остварување на целите при работењето на избраните лекари од општа медицина, општа стоматологија и гинекологија

Б.3

- Укажувања и сугестии за моделирање на договорите со ЗУ, врз основа на констатациите, забелешките и искуствата од извршените контроли

Б.4

- Зајакнати и интензивирани контроли на сите три нивоа на здравствена заштита, вонредни и редовни, мобилни и дежурни контроли по укажувања, сознанија и информации за неправилности во работењето на здравствените установи
- Инфо линија – контакти со осигурениците – од моментот кога ќе се комплетира кадровски контрола која ќе работи со отворена инфо линија во 2 смени и тим на контролори кои веднаш ќе одат на терен по пријавата на осигуреникот
- Регионализација на контролите
- Следење и надополнување на изготвените упатства за контрола како и терковите на записници за сите видови на контроли

В.3

- Надградување на апликативните решенија согласно податоците добиени од извршените контроли
- Едукација на медицинскиот персонал за користење на апликативните софтвери
- Воведување и развој на електронски контроли на здравствените установи

Г.4 и 5

- Координација со Санитарниот инспекторатот и други тела/ комисии на Министерство за здравство со цел подршка на стручниот надзор врз здравствените установи
- Давање свој придонес околу воспоставувањето и спроведувањето на Националните програми за здравствена заштита

Д.2

- Координација со надлежни институции кои вршат интегрирана наплата на придонесите

Д .4

- Изготвување на извештаи од извршените контроли со констатации за фактичката состојба и нивно доставување до менаџментот на Фондот со цел обезбедување точни, квалитетни и навремени информации и податоци, неопходни за носење одлуки
- Воведување на нов систем за планирање, евиденција, следење и доставување на извештаи од подрачните служби

# СЕКТОР ФАРМАЦИЈА

А.1

- Предлози и мерки за унапредување на работните процеси во централата и подрачните служби на ФЗОМ

А.2

- Предлози и мерки за воспоставување на интерни процедури и нивоа на одговорност во реализација на контролата во врска со лековите на товар на ФЗОМ, во централата и подрачните служби на ФЗОМ
- Планирање, извршување и евиденција на контроли во врска со лековите на товар на Фондот
- Контрола на планирањето, извршувањето и евиденцијата на контролите во врска со лековите на товар на Фондот
- Предлози и мерки за унапредување на системот за контрола за лековите на товар на Фондот

А.5

- Активности за едукација на осигуреници во врска со лековите на товар на Фондот

Б.1

- Обезбедување на осигурениците со лекови на товар на ФЗОМ во рамки на расположивите средства за примарна здравствена заштита
- Следење на обезбедувањето на осигурениците со лекови
- Предлози и мерки во соработка со други сектори на ФЗОМ со цел континуирано снабдување на осигурениците со лекови на сите нивоа на здравствена заштита

Б.2

- Следење и анализа на потрошувачката на лекови од Листата на лекови на товар на ФЗОМ за примарна здравствена заштита
- Следење и анализа на податоците од рефундациите за лекови
- Следење, анализа и ревизија на референтните цени на лековите на товар на ФЗОМ
- Предлози и мерки во врска со референтните цени на лековите на товар на ФЗОМ
- Следење на Листата на лекови кои се на товар на ФЗОМ (позитивна листа)
- Предлози и мерки за унапредување на позитивната листа
- Предлози и мерки за целосна имплементација на позитивната листа
- Изготвување на извештаи по извршените анализи
- Компарација на резултатите од анализите со податоци од други држави

- Предлози и мерки за имплементација на позитивни искуства од други држави

Б.3

- Учество при дефинирање на содржината на договори со здравствените установи

Б.4

- Континуирано планирање и извршување на контрола на здравствените установи
- Контрола на извршувањата на контролите во здравствените установи
- Предлози и мерки за унапредување на контролите и ефектите од истите

Б.5

- Соработка за рационалната употреба на лекови со претставници на здравствени установи, институции и други експерти
- Едукација, предлози и мерки за рационална употреба на лекови

В.4

- Предлози и мерки за унапредување на системот на следење и контрола на процесите
- Предлози и мерки за унапредување на системот на следење и контрола на податоците од информатичкиот систем на ФЗОМ и други податоци, како основа за правилно менаџирање
- Предлози и мерки за развој на контролен систем без ограничување на средства за ПЗУ аптеки (квоти) за обезбедување на осигурениците со лекови на товар на ФЗОМ во ПЗЗ
- Предлози и мерки за развој на контролен систем за максимално обезбедување на осигурениците со лекови на товар на ФЗОМ во здравствените установи

Г.2

- Континуирана соработка со меѓународни и национални институции односно организации, како што се национални здравствени фондови, министерства, агенции, научно-образовни институции и други

Г.3

- Редовна комуникација и размена на искуства во делот на фармацијата со националните фондови од другите држави

Г.4

- Учество во утврдувањето и реализацијата на националните програми

Д.1

- Соработка со сектори на ФЗОМ во врска со буџетските средства за обезбедување на осигурениците со лекови

Д.4

- Континуирана едукација на вработените со цел ефикасна администрација и добри интерни процеси
- Континуирана координација и соработка со други сектори и подрачните служби на ФЗОМ

Ѓ.1

- Стручна соработка при изготвување на материјали за комуникација со јавноста

## СЕКТОР ИНФОРМАТИКА

В.1.

- Централизација на ИТ системот - ( дефинирање на новите работни процеси кои произлегуваат од централизирано работење на Фондот; анализа и превземање на соодветни мерки за навремен пристап до информациите зачувани во системот, за управување со трошоците, поврзување со останатите институции, осовременување на ИТ системот преку рационално искористување на постоечките хардверски и софтверски ресурси; спроведување на проектот за трезорско работење на ЈЗУ; усогласување на базите на податоци со останатите институции и дефинирање на соодветни протоколи за размена на податоци )
- Осовременување на ИТ системот - ( воведување на VoIP телефонија – истражување на пазарот и превземање на мерки за проценка на придобивките и мерки за реализација на овој вид на телефонија; имплементација на системски софтвери за авторизација, автентикација и заштита на ИТ системот; спроведување на мерки за дефинирање и имплементација на Disaster Recovery план)

В.2

- Дефинирање на новите работни процеси произлезени од воведувањето на електронската здравствена картичка
- Превземање на соодветни мерки за обезбедување на безбедносни услови
- Безбедно заменување на сините картони и здравствената книшка со електронска здравствена картичка

- Зајакнување на системските-електронски контроли поради воведување на електронска картичка

В.3

- Разработка на протоколи за размена на податоци со претставниците од ИТ секторите или со ИТ лицата со сите институции не само од здравствениот сектор туки и со останатите институции со кои ФЗОМ има допирни точки
- Спроведување на техничките мерки за воведување на трезорско работење на сите Јавни здравствени установи како и постојана надградба на софтверот за трезорско работење

В.4

- Изработка на правилници и процедури за заштита и пристап до лични податоци на осигурениците и пристап до класифицирани податоци
- Спроведување на мерки од меѓународно утврдени сертификати за безбедност на ИТ системот на ФЗОМ а согласно препораките на Министерството за информатичко општество и соодветните позитивни законски прописи

## СЕКТОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

В.5

- Истражување на ИТ пазарот за можностите за воведување електронското остварување на правата на осигурениците
- Проучување на соодветните законски прописи за користење на ваквите поволности како и анализа на потребите и оправданоста на ваквите услуги
- Постојани комуникации со сите чинители во здравствениот сектор за дефинирање на нивните потреби за користење на услугите кои овозможуваат електронско остварување на правата
- Дефинирање на соодветни безбедносни правила и процедури за овозможување на ваквите права како и изработка на соодветни софтверски решенија за овозможување на ваквите услуги и права

А.5

- Редовни информирање на граѓаните/осигурениците за нивните права на користење на здравтвените услуги во текот на нивниот престој во странство.
- Редовно ажурирање на податоците публикувани на веб страната на ФЗОМ

Г.1

- Учество на преговори за потпишување на Договори со потенцијални држави за кои постои иницијатива за билатерална соработка
- Усогласување на двојазичните обрасци за примена на Договорите за социјално осигурување и Административните спогодби за спроведување на истите, за кои е потпишан договорот за социјално осигурување и за земјите кои постои иницијатива за потпишување на истиот
- Усогласување на одредбите од нацрт – текстовите на Договорот за користење на европската картичка за здравствено осигурување на Република Македонија со други држави
- Разгледување прашања и тековни проблеми од примената на Договорите за социјално осигурување на РМ и другите земји
- Поднесување иницијативи до земјите членки на Европската Унија во кои е воведена Европската картичка за здравствено осигурување, за потпишување на Договор за примена на нивната европска картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија
- Успешно и доследно спроведување на Договорите за користење на европската картичка за здравствено осигурување (EHIC) на територијата на Република Македонија, што претставува еден од условите Република Македонија да стане член на големото европско семејство

Г.2

- Соработка со меѓународни организации : Светска Банка, ММФ, Светска здравствена организација, Уницеф и др.

Г.3

- Редовна комуникација со здравствените фондови и размена на искуства околу теми од заеднички интерес
- Редовна комуникација со земјите со кои е склучен и е во сила Договорот за социјално осигурување и Административната спогодба
- Разгледување прашања и тековни проблеми од примената на Договорите за социјално осигурување со земјите кои е потпишан Договор за социјално осигурување и Административна спогодба за спроведување на истиот

# СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

А.1

- Планирано, организирано и координирано функционирање на Секторот за јавни набавки во сите сегменти, преку подмирување на потребите неопходни за извршување на секојдневните работни задачи на секој вработен, со доследна примена на Законот за јавните набавки, а со цел непречено и континуирано извршување на дејноста со која се занимава ФЗОМ како институција

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

А.2

- Изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик
- Извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови
- Процена на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола
- Утврдување, процена и управување со ризиците од раководството на субјектот, во однос на: усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори; веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации; извршување на задачите и остварување на целите
- Давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури
- Мониторинг на спроведувањето на мерките преземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии.

## УПРАВВУВАЊЕ СО ЧОВЕШКИ РЕСУРСИ

А.1 и А.4

- Издигнување на професионалноста во работењето на Фондот на повисоко ниво
- Нова систематизација на Фондот и реорганизација и регионализација на ПС според потребите на осигурениците и местоположбата
- Унифицирање на работата на сите вработени преку воспоставување на интерни процедури за надлежностите и нивоата на одговорност на вработените во Централната и Подрачните служби на ФЗО
- Воведување на вреднување на вработените по учинок (стимулативни мерки и ревидирање на системот на вреднувањето на трудот на овластените лица за контрола)
- Воведување на Годишен план за континуирана едукација на вработените ( дефинирање на потреба од ангажирање на обучувачи надвор од Фондот; план на обуки на подрачните služни кои ќе се спроведуваат од страна на централата на Фондот)
- Контрола и подобрување на архивското работење во Фондот
- Подобрување на работните услови за работа на вработените

- Подобрување на вреднувањето на различните нивоа на вработени (од аспект на одговорности и стручна подготвеност)

В.4

- Заштита на лични податоци преку соработка со ИТ сектор за ефикасен електронски систем за следење и управување со вработените

Г.5

- Координација со други надлежни институции кои имаат взаемна соработка со ФЗОМ ( УЈП,ПИО, АВРМ, ЦРМ, ЈЗУ)
- Повлекување од административниот процес за вработување во ЈЗУ, бидејќи како купувач на услуги не треба да биде инволвиран околу внатрешната структура на одредени здравствени установи, односно ЈЗУ

## ЕДУКАЦИЈА НА ЈАВНОСТА

А.1

- Подобрување на изгледот на подрачните служби: визуелно и содржински

А.5

- Континуирани јавни објави кои се класифицирани како Јавен интерес
- Користење на електронски начин на комуникација за поефикасна дистрибуција на информации
- Информација во врска со активности за проширување на правата и обврските на осигурените лица

Ѓ.1

- Редовно ажурирање и унапредување на web страницата на Фондот
- Промоција на инфо линијата, инфо маилот и инфо билтенот на Фондот

Ѓ.2

- Одржување на средби и едукација на локалните и стручните групи кои имаат мисија за унапредување на положбата својата целна група
- Одржување на регионални средби со осигурениците и со здравствените установи
- Одржување на редовни средби со коморите, здруженијата на пациенти и здруженијата на здравствени работници